# РЕШЕНИЕ НА ЦЕНТРАЛНИЯТ РЕГИСТЪР от 07.10.2011

Деловоден број 30120110047571
Врска Деловоден број 30320090002987

ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, преку заменик регистраторот Никола Ковачовски, постапувајќи по пријавата за упис на основање на Здружение РАДКО Охрид, Деловоден број 30320090002987 од 15.07.2009 година, при повторното одлучување деловоден број 30120110047571 од 19.07.2011 година, согласно чл. 39 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица (Сл. Весник на РМ бр. 84/05,13/07,150/07 ,140/08, 17/2011), чл. 44 од Законот за Здруженија и Фондации (Сл.В.бр. 52/2010) го донесе следното,

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето Деловоден број 30320090002987 од 15.07.2009 година за упис на основање на Здружение РАДКО Охрид, - **СЕ ОДБИВА**.

Жалбата не го одлага извршувањето на Решението согласно чл.41 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

О Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за жалби постапувајќи по Пресудата УЖП.бр.940/2010 од 17.05.2011 година на Врховен суд на Република Македонија, со Решение број 15-53/2 од 29.06.2011 година, Жалбата број 08-639/3 изјавена од Владимир Паунковски од Охрид против решението деловоден број 30320090002987 од 31.07.2009 година на Централен Регистар, ја уважи. Решението деловоден број 30320090002987 од 31.07.2009 година на Централен Регистар, се поништува и предметот враќа на повторно постапување и одлучување. Во повторно постапување и одлучување со деловоден број 30120110047571 од 19.07.2011 година, Централен регистар ги зема во предвид забелешките на Европскиот суд за човекови права, укажувањата на Врховен суд на Република Македонија, Комисијата за жалби, како и одредбите на член 103 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52 од 16.04.2010 година), започнатите постапки за регистрација на организациите започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на овој закон. Па согласно предното до подносителот на барањето за упис на Здружение РАДКО Охрид, согласно чл.44 и 103 од Законот за Здруженија и Фондации Централен регистар достави Известување бр.08-3513/3 на 25.07.2011 година, со кое го задолжи подносителот да ги отстрани недостатоците, прилозите кон пријавата донесени врз основа на Законот за здруженијата на граѓани и фондациите (Службен весник на РМ бр.31/98 и 29/2007) ги усогласи со Законотот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52 од 16.04.2010 година), достави Изјава од чл.42 ст.3 алинеа 7 од Законотот за здруженија и фондации, во пријавата образец ПО страна 2 да се внесат податоците за основачите на здружението. Во определениот рок односно на 15.08.2011 година постапувајќи по добиеното известување подносителот достави документи: основачи на здружението, копии од лични карти за основачите, изјава, акт за основање, програма , Статут, известување од основачко собрание, одлуки за усвојување на Статут,Програма, Одлука за избор на председател на здружението, Одлука за избир на Извршен комитет, Одлука за застапник на здружението, сите од 02.08.2011 година. Во прилог на пријавата доставени се документи за лична идентификација на основачите кои треба да се запишаат, меѓу кои и документ за

лична идентификација непреведен, за лицето Георги Стојанов Генов од Софија како што стои во актот за основачи на здружението со останатите генералии неовластено преведени од подносителот, за Перица Аврамов приложени се два документи за лична идентентификација еден издаден од Република Бугарија не преведен и еден издаден од Република Македонија. Во доставените прилози постојат многу зборови кои се неразбирливи за Централен Регистар.

Централен регистар постапувајки по напред поднесените прилози, најде дека подносителот не постапил целосно по укажувањето со предното известување , па достави второ Известување под број 08-3513/4 од 01.09.2011 година, со кое го задолжи подносителот:

1.Согласно чл.8 ст.4 од Законотот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52 од 16.04.2010 година) името на здружението да биде определено и согласно одредбите за фирма од Законот за Трговските друштва,

2.Во пријавата ПО образец да се внесат основачите на здружението, бидејки по првото известување подносителот не постапил по ова забелешка и

3. Побарано е од подносителот во прилозите кон пријавата (Статут,програма и др.) да ги отстрани зборовите кои се неразбирливи за Централен регистар, односно да се заменат со зборови на Македонски јазик и да се изврши превод на личните документи издадени од странска држава.

По предното известување подносителот со акт од 22.09.2011 година достави:

Изјава од 06.09.2011, образец ЗП од 21.09.2011, Пријава образец ПО од 06.09.2011, основачи на здружението од 06.09.2011, копии од лични карти за основачите, копија на потврда со сер.бр.18553, акт за основање 06.09.2011, програма на здружението од 06.09.2011, Статут на здружението од 06.09.2011, известување од основачко собрание, одлуки за усвојување на Статут од 06.09.2011, Одлука за усвојување на Програма од 06.09.2011, Одлука за избор на председател на здружението од 06.09.2011, Одлука за избир на Извршен комитет од 06.09.2011, Одлука за застапник на здружението од 06.09.2011 и Одлука за усвојување на името на здружението од 06.09.2011 година.

Централен регистар постапувајки по пријавата, разгледувајки ги списите во предметот, утврди дека и покрај доставувањето на две известувања подносителот не ги отстранил сите недостатоци, а имено:

Подносителот не постапил по укажувањето,името на здружението да биде определено согласно чл.8 ст.4 од Законотот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52 од 16.04.2010 година) , односно името на здружението да биде определено и согласно одредбите за фирма од Законот за Трговските друштва, односно чл.46 ст.1 од Законот за Трговските друштва.

За лицето Аврамов Перица како еден од основачите на здружението и покрај укажувањето не е одстранет недостатокот , туку со втората достава подносителот во пријавата образец ПО и во прилозите кон пријавата секаде за адресни податоци запишал улица Јуриј Гагарин број 30 влез Б стан 15 , место Банкја ,општина Софија, држава Р.Бугарија, додека во прилог на пријавата приложена е копија од лична карта во која место на живеење на именованиот е во Република Македонија на ул.Никола Киров Мајски бр.41/48 Скопје Р.Македонија.

Во пријавата ПО образец страна 6 точка 15 претежна дејност по предлог на субјектот запишана е шифра: 94.92 назив: Дејности на политички организации.

Во прилозите кон пријавата,(Програма, Статут) па и во самиот текст од целите и задачите. Покрај укажувањето со известувањето од 31.08.2011 година, за отстранување на недостатоци, подносителот употребува зборови кои се неразбирливи за Централен регистар, односно не се на Македонски јазик. Согласно

чл.19 од Законот за Општата Управна постапка, чл.56 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, во управната постапка службен јазик е Македонскиот јазик и кирилското писмо. Согласно предните прописи Централен регистар бараше неразбирливите зборови да се заменат со зборови на Македонски јазик и документите за лична идентификација издадени од странска држава да бидат преведени од овластен судски преведувач. Подносителот не постапил во целост по укажувањето , заменил некои зборови, но и понатаму останале како подобие,Европејскиот и други зборови кои не се од Македонски јазик. За лицето Аврамов Перица како еден од основачите на здружението, подносителот не ја превел странската исправа туку по второто известување ја повлекува странската исправа доставувајки само документ за идентификација со место на живеење во Р.Македонија , меѓутоа и понатаму бара упис на податоци во Централен регистар со место на живеење во Р.Бугарија зашто не доставува никаков документ за адресните податоци во Р.Бугарија.

Согласно член 13 од Законот за Здруженија и Фондации, организациите (здруженија) не можат да вршат активности на политичка партија, односно неможат да обезбедуваат директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијаат на изборите. Со доставувањето на новата пријава образец ПО подносителот се определил за упис на претежната дејност шифра: 94.92 назив: Дејности на политички организации. Оваа претежна дејност според Националната класификација на дејности припаѓа исклучиво на политичките партии. Согласно чл.17 од Законот за политички партии, политичките партии се запишуваат во Единствениот судски регистар на политичките партии, кој регистар го води Судот.

Во повторно постапување и одлучување Централен Регистар ги имаше во предвид забелешките на Европскиот суд за човекови права, укажувањата на Врховен суд на Република Македонија, Комисијата за жалби, меѓутоа и одредбите на член 103 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52 од 16.04.2010 година),според кој започнатите постапки за регистрација на организациите започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на овој закон. Бидејки постапката по пријавата за упис на основање на Здружение РАДКО Охрид, деловоден број 30320090002987 по одлуките на Врховен суд и Комисијата за жалби е на повторно постапување и одлучување пред Централен регистар во постапката се примени ја одредбите од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52 од 16.04.2010 година).

Централен регистар испитувајки ја пријавата согласно чл. 39 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица (Сл. Весник на РМ бр. 84/05,13/07,150/07 ,140/08, 17/2011) и чл. 44 од Законот за Здруженија и Фондации (Сл.В.бр. 52/2010) одлучи како во диспозитивот на решението.

Решено во Централен Регистар на Република Македонија под деловоден број 30120110047571 на 07.10.2011 година.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Против ова Решение може да се изјави Жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Комисијата за жалби, преку Централен регистар на Република Македонија, Регионална регистрациона канцеларија Скопје, по уплатен надоместок во износ од 1.862,00 денари.

Заменик регистратор
Никола Ковачовски

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *